## Што е отпад?

Отпадот е секоја материја или предмет што создавачот или поседувачот го отфрла, има намера да го отфрли или од него се бара да го отфрли.

Едноставно кажано отпадот е сѐ што е отфрлено, вишок, или на некој друг начин фрлено во животната средината, а што може да влијание врз неа. Само затоа што ние сметаме дека нешто е отпад, не значи дека тоа исчезнува. Тоа мора некаде да постои. Колку повеќе предмети користиме, толку повеќе генерираме отпад.



## Како да помогнеме на животната средина?

За да се справиме со непријателскиот аспект кој отпадот го има кон животната средина, ние мораме да го следиме правилото на 3Р, односно да реупотребуваме, рециклираме и редуцираме.

## Реупотреба на отпад

Да се реупотреби значи да се искористи некој предмет повторно откатко веќе претходно бил користен. Предметот може да биде реупотребен на конвенционален начин, (што значи искористување на предметот уште еднаш за истата функција) но, исто така може да му се даде и нов животен циклус, што значи дека предметот може да биде искористен за различна функција. Од реупотребувањето имаме повеќе придобивки, и тоа:

- го спречува загадувањето на начин што ја намалува потребата да се собираат нови материјали;
- заштедува енергија
- помага да се зачува животната средина за идните генерации
- заштедува пари
- го намалува количеството на отпад што би требало да се рециклира или да се носи на депонии.
- овозможува предметите да бидат искористени до нивниот максимум.



## Вклучување во заеднички зелени акции

Покрај тоа што ти како индивидуалец можеш да придонесеш за зелена и чиста околина, тоа можеш да го направиш и здружувајќи се со повеќе луѓе кои сакаат да се вклучат во вакви акции.

## Како?

Заедничките зелени акции можеш и ТИ да ги покренеш на тој начин што ќе разговараш со некои од твоите пријатели, соседи, роднини и ќе ја споделиш идејата за озеленување или уредување на просторот. Имај на ум дека во група секогаш е позабавно, може повеќе да се направи за просторот и да се мотивираат поголем број луѓе да се приклучат кон таков тип на акции. Покрај уредувањето тоа ќе претставува и можност за социјализација, дружење и размена на нови идеи.
Не заборавај некој ќе ја прифати твојата идеја, друг ќе има нова идеја, но најважно од сѐ е да се здружиме заеднички да делуваме и да ја оствaруваме зелената мисија за чиста и здрава средина.



## Еко совети:

1. Не уништувајте ги растенијата и дрвјата, грижете се за нив!
2. Не уништувајте ги клупите, масите, саксиите, елементите за игра!
3. Редовно наводнувајте ја и косете ја тревата!
4. Редовно наводнувајте ги цвеќињата и дрвјата!
5. Не фрлајте отпадоци по улиците, туку во кантата за отпадоци!
6. Секој слободен простор во вашата околина и близина искористете го за засадување на цвеќиња, растенија, дрвја, билки.
7. Грижи се за веќе уредениот простор со љубов!
8. Рециклирај, редуцирај, реупотреби!
9. Кога има акција за собирање на поголем отпад, тогаш оставете го и вашиот отпад!
10. Како граѓани вклучувајте се во еколошки акции!

Ако забележите дека некој ја уништува вашата уредена околина јавете се на тел.броеви:

- **ЕД Планетум:**
  034 331 416
  е-маил: planetum@t-home.mk
- **Еколошки инспектор**
  034 348 030
- **Одд. за инпекциски работи на Општина Струмица**
  034 348 030
  е-маил: gjorgi.bonev@stumica.gov.mk
- **Систем 48**
  080 1 48 48

ЕД Планетум, во партнерство со Организација на жени-Струмица и Младински Совет-Струмица започна со реализирање на проектот „ Зелена граѓанска акција во Струмица “. Проектот е поддржан од УСАИД и ФООМ во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско општество.

Цел на проектот: Мобилизација на локални ресурси за подобрување на зелената инфраструктура и инфраструктура за игра и релаксација во урбани и рурални средини во општина Струмица.

Вклучени страни: станари од колективни станбени згради каде ќе бидат приспособени просторите во вид на места за игра и релаксација; жители на руралните средини каде ќе бидат присопосбени просторите во вид на места за игра и релаксација; ученици од основни и средни училишта од општина Струмица;
НВО-и од општина Струмица; деловен сектор од општина Струмица; граѓани кои живеат и работат во близина на јавните површини кои ќе бидат озеленети и уредени.

ЕД Планетум
ул: 22 Декември 4 у.з.
2400 Струмица
тел/факс: 034 331 416

Лице за контакт: Катерина Аџи -Скерлева
моб. тел: 078 699 458

Еколошко друштво Планетум

# ЗЕЛЕНА ГРАЃАНСКА АКЦИЈА ВО СТРУМИЦА

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА